# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Понеделник 02 Март 2020 година Број 2/2020 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за донесување на Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување на Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година, бр. 08-378/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-378/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
За донесување на Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година

Член 1

Се донесува Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година, изработена од ФИЛБИС ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-378/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈП „ Плаваја„ Радовиш за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈП „ Плаваја„ Радовиш за 2019 година, бр. 08-379/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-379/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 4 и чл. 43 ст.1 т.4 од Статутот на општина Радовиш, чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
За усвојување на годишна сметка на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година

Член 1

Се усвојува годишната сметка на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година, број 0501-

122/1 од 14.02.2020 година и наш број 12-66/17 од 24.02.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-379/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 год.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 год., бр. 08-380/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-380/2 Градоначалник на
02 Март 2020 г. општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 31 и чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 год., донесе

О Д Л У К А
За усвојување на Финансовиот годишен извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година

Член 1

Се усвојува Финансовиот годишен извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година бр. 0202-122/1 од 14.02.2020 година и број 12-66/17 од 24.02.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-380/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш, бр. 08-381/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-381/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 26 став 4 од Законот за основно образование (Службен гласник на РСМ број 161/19), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Статутот
на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш
бр. 02-417/3 од 13.12.2019 година

Член 1

Се дава Согласност на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш, бр. 02-417/3 од 13.12.2019 година, наш бр. 17-183/57 од 19.12.2019 година.

Статутот ќе биде објавен и е составен дел на „Службениот гласник на општина Радовиш„ .

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-381/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување

на Одлуката за давање согласност на Статутот
на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш, бр. 08-382/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-382/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 26 став 4 од Законот за основно образование (Службен гласник на РСМ број 161/19), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Статутот
на на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Статутот на на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш, бр.0101-252/1 од 30.12.2019 година, наш бр. 17-41/49 од 30.12.2019 година. Статутот ќе биде објавени и составен дел на „Службениот гласник на општина Радовиш .

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-382/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање согласност
на Статутот на ООУ „Никола Карев„ Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Никола карев„ Радовиш, бр. 08-383/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-383/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 26 став 4 од Законот за основно образование (Службен гласник на РСМ број 161/19), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Статутот
на ООУ „Никола Карев„ Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на ООУ „Никола Карев„ Радовиш, бр.01-15/1 од 14.01.2020 година, наш бр. 17-81/2 од 15.01.2020 година.

Статутот ќе биде објавени и составен дел на Службениот гласник на општина Радовиш .

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-383/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање согласност на Статутот
на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш, бр. 08-384/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-384/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно член 26 став 4 од Законот за основно образование (Службен гласник на РСМ број 161/19), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање Согласност на Статутот
на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш

Член 1

Се дава Согласност на Статутот на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш, бр.02-36/5 од 30.01.2020 година и наш бр. 17-176/4 од 05.02.2020 година.

Статутот ќе биде објавен и е составен дел на „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-384/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Дамјан општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 25,74 ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2061/18 од декември 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Дамјан општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 25,74 ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2061/18 од декември 2019 година, бр. 08-385/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-385/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл.39 и чл.42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 11 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Радовиш, Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 27.02.2020 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за донесување на Урбанистички план за с.ДАМЈАН, Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 25,74ха, изработен од ДП "ВИЗУРА" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2061/18 од декември 2019

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план за с.Дамјан, Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 25,74ха, изработен од ДП "Визура" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2061/18 од декември 2019 како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за донесување на Планот се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистичкиот план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-385/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Ињево општина Радовиш со плански период

2018-2028, со поршина на плански опфат од 99,016ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2070/18 од јануари 2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Ињево општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 99,016ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2070/18 од јануари 2020 година, бр. 08-386/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-386/2 Градоначалник на
02 Март 2020 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл.39 и чл.42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, ,64/18 и 168/18), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 11 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Радовиш, Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 27.02.2020 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за донесување на Урбанистички план за с.ИЊЕВО Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 99,016 ха, изработен од ДП "ВИЗУРА" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2070/18 од јануари 2020

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план за с.Ињево, Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 99,016 ха, изработен од ДП "Визура" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2070/18 од јануари 2020 како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за донесување на Планот се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистичкиот план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

Бр. 08-386/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Подареш општина Радовиш со плански период 2018-2028, со површина на плански опфат од 104,24ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2071/18 од јануари 2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Подареш општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 104,24ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2071/18 од јануари 2020 година, бр. 08-387/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-387/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл.39 и чл.42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, ,64/18 и 168/18), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 11 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Радовиш Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 27.02.2020 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

за донесување на Урбанистички план за с.ПОДАРЕШ Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 104,24 ха, изработен од ДП "ВИЗУРА" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2071/18 од декември 2019

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план за с.Подареш, Општина Радовиш, со плански период 2018-2028, површина на плански опфат 104,24 ха, изработен од ДП "Визура" ДООЕЛ Струмица со тех.бр.2071/18 од декември 2019 како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одлуката за донесување на Планот се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистичкиот план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-387/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за донесување на измена и допуна на ДУП УБ-3 дел намена индустрија во Радовиш со плански период 2016-2026, со тех.бр. 014-2602/2015 од јануари 2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за донесување Урбанисти на измена и допуна на ДУП УБ-3 дел намена индустрија во Радовиш со плански период 2016-2026, со тех.бр. 014-2602/2015 од јануари 2020 година, бр. 08-388/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-388/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл.39 и чл.42 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, ,64/18 и 168/18), чл.22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 11 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Радовиш, Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 27.02.2020 година, донесува

ОДЛУКА
ЗА ДОНЕДУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП УБ3-ДЕЛ со намена индустрија во ОПШТИНА РАДОВИШ, плански период 2016-2026, со тех.бр.014-2602/2015 од јануари 2020

Член 1

Со оваа Одлука се донесува ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП УБ3 - ДЕЛ ОПШТИНА РАДОВИШ, со намена лесна и незагадувачка индустрија, за нарачател Фунгиекспорт дооел Ораовица, Радовиш, изработен од ДПГИ "Вектор 90" Томе ДООЕЛ Струмица со тех.бр.014-2602/2015 од јануари 2020 како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа одлука .

Член 2

Одлуката за донесување на Планот се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистичкиот план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

Член 3

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 4

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-388/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за 2020 година во општина Радовиш бр. 08-1922/2 од 30.12.2019 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за 2020 година во општина Радовиш бр. 08-1922/2 од 30.12.2019 година, бр. 08-389/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-389/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл.46 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр.82/2008) чл.21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Радовиш (Сл. Гласник бр.5/2002), Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на ден 27.02.2020год. донесе:

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програматаза уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за 2020 година во општина Радовиш бр. 08-1922/2 од 30.12.2019 година

Во делот 1. Планирани објекти и активности за 2020 година.

III. Други активности
Точка 12
Текстот: Санитарен јазол во подрачно училиште во Али Коч се заменува со
Текстот: Оградување на училиште, спортски и други објекти во с.Али Коч и Коџалија

V Објекти во изградба договорени во 2019 година

Точка 19 Се брише

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Изработка на техничка документација за Топлификација на спортска сала и други јавни објекти | 600.000,00 |

А се додават следните точки :

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Техничка документација за спој со локален пат с.Смиланци | 213.580,00 |
| 31 | Конзерваторски основи за населени места и крајбрежни појаси во населените места Аликоч, Бучим, Калаузлија, Парналија, Смиланци и Раклиш | 198.240,00 |
| 32 | Техничка документација за за изградба на фекална канализација покрај река Сушица | 209.426,40 |
| 33 | Учество на општината во Машинско чистење на диви депонии во општина Радовиш преку Југоисточен плански регион | 63.000,00 |

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-389/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година, бр. 08-390/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-390/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 г., донесе

О Д Л У К А
За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година

I. Се прифаќа Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година, согласно согласно одлуката на Наставничкиот совет бр.08-78/3 од 27.01.2020 година, која е составен дел на оваа одлука и наш број 14-80/10 од19.02.2020 година.
II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-390/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и деветo одделение при ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш во учебната 2019/2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии во учебната 2019/2020 год. за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш, бр. 08-391/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-391/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш во учебната 2019/2020 година

I.Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш во месец мај/јуни 2020 година и тоа:

-еднодневна научна екскурзија за учениците од третите одделенија;
-дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение;
-повеќедневна( три работни дена) екскурзија за учениците од девето одделение;

II.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-391/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и деветo одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица Радовиш во учебната 2019/2020 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии во учебната 2019/2020 год. за учениците од трето, шесто и деветo одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица Радовиш, бр. 08-392/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2019 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-392/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 2/2002), и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и деветo одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица Радовиш во учебната 2019/2020 година

I.Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица Радовиш во месец мај/јуни 2020 година и тоа:

-еднодневна научна екскурзија за учениците од третите одделенија;

-дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение;

-повеќедневна( три работни дена) екскурзија за учениците од деветo одделение;

II.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-392/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014" Радовиш за потрошена електрична енергија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014" Радовиш за исплата на фактура за потрошена електрична енергија, бр. 08-393/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-393/2 | Градоначалник |
| 02 Март 2020 г. | на општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014" Радовиш за електрична енергија

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014" Радовиш во износ од -87.912,00 со намена за потрошена електрича енергија за:

- месец 01/2020 година износ -87.912,00 денари;

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-393/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ра за вода, бр. 08-394/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-394/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш во износ од 28.675,оо ден., со намена за исплата на ф-ри за вода за:
- месец 01/2020 година износ -28.675 денари;

Барањето е составен дел на одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-394/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање на времено користење простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање на времено користење простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш, бр. 08-395/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-395/2 Градоначалник
02 Март 2020 г. на општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 67 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), член 40 став 2 алинеа 4 и 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл. весник на РМ бр. 78/2015, 106/2015. 153/2015 и 6/2016) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден - 27.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање на времено користење две простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш

Член 1

Се даваат на времено користење две простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш.
Просториите се даваат на користење на:
-месната заедница „Бобовец„ с.Ињево просторија број 3, во површина од 22 м$^2$, на приземје; и
-здружение на пензионери од Радовиш и Конче просторија број 9, (поранешен кафе-бар „МАУ-МАУ„) во површина од 157 м$^2$ на приземје.

Член 2

Корисниците на просториите истите ќе ги користат без надоместок, но со обврска за нивно одржување како на инвентарот, ако го имат од општината, така и плаќањето на електричната енергија, водата, интернетот, одржувањето на хигиената како и други такси/ давачки и сл.

Исклучок од став 1 на овој член е само висината на потрошувачката на електричната енергија на месната заедница која ќе се утврди со одлука на Советот на општината.

Член 3

Со корисниците на просториите ќе се склучи договор во кој ќе се утврдат повеќе услови за начинот на користење (одржување, реновирање, сторена штета и слично).
Договорот за времено користење ќе трае додека има интерес од двете договорни страни и може да биде еднострано раскинат.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-395/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЕЛС Општина Радовиш за 2019 година и Годишната сметка за 2019 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЕЛС општина Радовиш за 2019 година, бр. 08-396/1 и Годишната сметка за 2019 год., број 08-396/2, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

Бр. 09-396/2 Градоначалник на
02 Март 2020 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 31 и чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 год., донесе

ОДЛУКА
За усвојување годишна сметка на ЕЛС општина Радовиш за 2019 година

Член 1

Се усвојува годишна сметка на ЕЛС општина Радовиш за 2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-396/1 Совет на општина Радовиш
27 Февруари 2020 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
На Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2019 година

Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2019 година беше донесен од страна на Советот на ЕЛС Радовиш , на 26.12.2018 година под број 08-2023/2 и Одлука за извршување на буџетот за 2019 година под број 08-2024/1. Истиот беше подготвен согласно важечките законски прописи, односно согласно Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002год) Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М 61/2004,96/2004, 67/2007 156/09 , 47/11 , 192/15 и 209/18 година), Законот за Буџетите (Сл. Весник на РМ бр.64/2005,4/2008 , 103/2008,156/09 , 95/10 , 180/11, 171/12,192/15 и 167/16 година), и Буџетскиот циркулар-насоки за изготвување на буџетите на ЕЛС за 2019 година добиени од страна на Министерството за финансии (под број 08-6331/1 од 28.09.2018 година), како и добиените Прегледи за проценети приходи од наменски-блок дотации по одделни корисници за 2019 година, под број 08-6331/2 од 28.11.2018 година.

При подготовката на Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2019година,беа земени во предвид поставените стратешки цели и приоритети на општината за 2019 година како и економската политика на Владата на Р.М за среднорочниот период со следните приоритети:
-зголемување на економскиот раст и конкурентност на економијата на трајна основа,
-зголемување на вработеноста,подобрување на животниот стандард и квалитетот на животот на населението,
-интеграција во ЕУ и НАТО,
-продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото,
-одржување на добри меѓуетнички односи и соживот,
-инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавањена силни индивидуи и силна држава.
Согласно член 2 ,точка 8 од Законот за Буџетите ("сл.Весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 192/15 и 167/16 ) буџетот на единицата на локална самоуправа претставува годишен план на приходи,други приливи и одобрени средства и ги вклучува: основниот буџет,буџетот на

дотации,буџетот на донации,буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на единицата на локална самоуправа содржи : општ ,посебен и развоен дел.

Општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година,како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години, (вклучувајки го и планираниот дефицит).

Посебниот дел содржи план на одобрени средства по програми,потпрограми и ставки за фискалната година

Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти.Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.

Буџетот на општината ги вклучува сите приходи утврдени во член:4,5,6,7,8 и 9 од Законот за финансирање на ЕЛС (Службен весник на Р.М бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 година) и тоа:

- Локални даноци
-Данок на имот
-Данок на наследство и подарок
-Данок на промет на недвижности

Локални такси

-Комунални такси
-Административни такси

Локални надоместоци

-Надоместок за градежно земјиште
-Надоместок за просторни и урбанистички планови

Сопствени приходи

-Приходи од закуп
-Приходи од продажба на имот

Приходи од донации во стока или пари

Приходи од самопридонес

Приходи од Персонален данок на доход

-3% персонален данок од лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано место за живеење и престојување-100% Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност,во општина на чие подрачје се регистрирани за вршење дејност.

Дотации

-Приходи од ДДВ
-Наменски дотации
-Капитални дотации

Истиот за 2019 година беше изготвен по програми за одредени области кои ги усвојува Советот на општината односно Буџетот за 2019 година се состоеше од дваесет и две програми и дваесет и четири потпрограми.

Со оглед на тоа дека планираните приходи и расходи на буџетот на општината во текот на фискалната 2019 година не се остваруваа во обем и динамика според планот а согласно одредбите од Законот за буџетите (Сл. Весник на Р.М 64/2005,4/2008 и 103/2008,156/09 и 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 година) член 36 точка 4 ,Советот на општината на предлог од Градоначалникот донесе измени и дополнувања-два ребаланса на буџетот за 2019 година.

2.1. Приходи на општината

Така после сите измени и дополнувања на Буџетот на општината за 2019 година,вкупните приходи се планирани на износ од 676.865.102 денари а се реализираа во износ од 428.905.710 денари или 63.36 % (2018 год-64.22%) ,истиот се изврши по програми и потпрограми на вкупен износ од 418.257.839 денари и тоа:

| | Реализација- 2018 г. | Реализација- 2019 г. |
|---|---|---|
| А0 Совет на општината | 4.657.682 ден. | 5.121.199 ден. |
| А1 Изборни активности и референдуми | 209.765 ден. | 153.495 ден. |
| А3 Подмирување на доспеани а неплатени Обврски | - | 1.167.287 ден. |
| Д0 Градоначалник | 1.275.636 ден. | 1.293.392 ден. |
| Е0 Општинска администрација | 58.840.812 ден. | 55.578.849 ден. |
| ЕА Капитални трош. на Општината | 6.598.874 ден. | 1.407.500 ден. |
| Ф1 Урбанистичко планирање | | 611.531 ден. |
| Г1 Поддршка на Лок. ек. развој | | 3.736.359 ден. |
| ГД Проекти за енергетска ефикасност | 123.000 ден. | 2.805.451 ден. |
| Ј3 Јавно осветлување | 9.496.598 ден. | 9.419.262 ден. |
| Ј4 Јавна чистота | 475.042 ден. | 1.068.035 ден. |
| Ј6 Одржување и заштита на локални патишта и улици | 1.399.811 ден. | 1.224.627 ден. |
| Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило | 2.112.095 ден. | 2.853.202 ден. |
| ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 19.950.991 ден. | 66.812.592ден. |
| ЈДА Изградба на локален пат с.Калугерица-с.Подареш | 0 ден. | 9.121.021 ден. |
| К1 Култура- Библиотека | 2.855.948 ден. | 3.050.145 ден. |
| К2 Култура | | |
| К4 Културни манифестации и творештво | 3.662.000 ден. | 2.180.777 ден. |
| Л0 Спорт и рекреација | 11.965.000 ден. | 13.325.000 ден. |
| В1 Детски градинки | 24.227.841 ден. | 39.024.226 ден. |
| Н1 Образование | 130.935.346 ден. | 137.259.644 ден. |
| Н2 Образование | 43.306.706 ден. | 40.813.986 ден. |
| Љ0 Заштита и спасување | 1.745.378 ден | 478.804 ден. |
| Њ0 Противпожарна заштита | | |

5.964.981 ден. 6.303.845 ден.

ВКУПНО 337.874.305 ден. 418.257.839 ден.

Во Програма А0, Д0, Е0, Ф1, Г1, Ј3, Ј4, Ј6, Ј7, К1, К2, К4, Л0, В1, Н1, Н2 и Њ0 се содржани средствата за тековно -оперативни потреби на Советот на општината, Градоначалникот, Општинската администрација и Јавните установи од обласа на образованието, културата, социјалната заштита и противпожарна заштита како и превозот на учениците од основното и средно образование.

Во дел од Програмите ЕА, ЈД0, ЈДА, К1, К2, Н1, В1 и Н2 се содржани средствата и за капитални расходи на општина Радовиш.

Во Буџетот на ЕЛС Радовиш за 2019 година за финансирање на сите програми се планираше да се остварат приходи во вкупен износ од 676.865.102 денари и тоа: од даночни приходи 60.480.000 денари, од неданочни приходи 15.840.510 денари,од капитални приходи 85.810.000 денари, од дотации 270.980.389 денари од трансфери 202.301.104 денари ,од самофинансирацки активности 6.596.582 денари од донации 25.635.496 денари и од кредити 9.221.021 денари.

Вкупните планирани средства во Буџетот на општина Радовиш, во текот на 2019 година се оствариja во вкупен износ од 418.257.839 денари .

Основен буџет сметка 63018 во текот на 2019 година е остварен во вкупен износ од 153.604.084 денари.За покривање на вкупните расходи од 180.788.308 денари се искористени 27.184.224 денари средства- депозити (вишоци-741114) од претходни години.. Приходите се остварени од следните извори:

| | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|
| -од даночни приходи | 51.905.460 ден. | 42.406.277 ден. |
| -од неданочни приходи | 2.876.488 ден. | 2.818.677 ден. |
| -од капитални приходи | 75.281.538 ден. | 66.805.988 ден. |
| -Трансфери и донации | 35.893.585 ден | 41.573142 ден. |
| ВКУПНО: | 165.957.071 ден. | 153.604.084 ден. |

Имајки ги во предвид остварените приходи-153.604.084 денари во 2019 година како и пренесените вишоци 120.780.849 (97.870.731 ден од с/ка -63018 плус 21.742.831ден.од с/ка-78961 плус 1.167.287 ден од с/ка 78904) денари од претходната година,намалени за извршените расходи во тековната година-180.788.308 денари се добиваат неизвршени средства во износ од 93.596.925 денари,кој се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

Буџетот на наменските донации сметка 93010, во извештајната 2019 година е остварен во вкупен износ од 225.493.183 денари , притоа треба да се спомне и делот на непотрошените средства од претходната 2018 година 47.290.961 денари и извршените расходи 214.845.312 денари во тековната 2019 година за да се утврди салдото на непотрошени средства од 57.938.832 денари кои се прилив за наредната 2020 година и можат да се користат за покривање на дефицитот доколку се појави во текот на 2020 година.

Буџетот на самофинансирачките активности кај јавните установи, сметка 787 во текот на 2019 година е остварен во вкупен износ од 7.780.491 денари (кои средства се остварени -од такси ,надоместоци и други неданочни приходи),притоа имајки ги во предвид пренесените средства од претходната 2018 година, 6.596.582 денари и вкупно извршените расходи-9.489.983 денари во 2019 година, остануваат непотрошени-4.887.090 денари кои ќе се пренесат за 2020 година како депозит-прилив на средства за трошење.

Буџетот на донации на општина Радовиш сметка 785 во текот на 2019 година има остварено средства во износ од 1.227.764 денари. Заедно со 2.785.451 денари од пренесено салдо од 2018 година ги покриваат извршените расходи во износ од 4.013.215 денари за тековната година.Остатокот на средства од 219.326 денари се пренесува во 2020 година и може да се искористи за покривање на дефицитот на средства доколку се појави во 2020 година.

Во Буџетот на општина Радовиш во текот на 2019 г. се оствариja средства од заем во износ од 9.121.021 денари.Истите се извршија за реализација на проектот Изградба на локален пат од с.Подареш до с.-Смиланци.

Од напред изнесеното можеме да утврдиме дека, на 31.12.2019год. остануваат непотрошени 156.641.873 денари,кои се пренесуваат за 2020 година.Значи вкупните планирани приходи во Буџетот на општина Радовиш за 2019 година во износ од 676.865.102 денари се оствариja 428.905.710 денари односно 63.36% во однос на планот.

Доколку го анализираме остварувањето само на основниот буџет, сметка 63018 можеме да констатираме дека годишниот план 352.431.841 денари е остварен во износ од 153.604.084 денари,односно 43.58% односно 51,30% заедно со искористените депозити од 27.184.224 денари,од планираниот износ.

Од персоналниот данок од доход како на платите на буџетските корисници така и на платите во јавните претпријатија, јавните трговски друштва се остварени 3.205.095 денари или 103.39% од планираниот износ.

Даноците на имот се остварени во вкупен износ од 13.992.069 денари или 56,99% од годишниот план.

Најголемо учество во остварените даночни приходи имаат приходите остварени од даноците на специфични услуги (комунални такси и надоместоци), кои се остварени во вкупен износ од

25.202.693 денари односно 77,21% од планираните за 2019 година.

Во остварениот вкупен износ 25.202.693 денари, најголемо учество имаат приходите остварени од К.Т. за користење и одржување на јавно осветление-17.802.952 денари, од надоместокот за уредување на градежно земјиште се остварени 1.950.592 денари од планирани 8.000.000 денари.Од К.Т. за за истакнување на фирма,односно назив на деловна просторија во 2019 година се оствариja вкупно 1.680.217 денари од планирани 6.500.000 денари како и 3.292.491 денари К.Т. за користење на улици со возила која се плаќа при регистрацијата на возилата.

Од издавање на дозволи-лиценци за вршење на угостителска дејност во ноќен бар во 2019 година се реализирани 0 денари од планираните 160.000 денари.

Неданочните приходи се остварени во вкупен износ од 10.599.168 денари а само во основниот буџет 2.818.677 денари, во кој износ учество имаат Административните такси за списи и дејствија кај Органите на локалната самоуправа 607.129 денари,од други локални такси 79.300 денари, На име останати неданочни приходи конто-725939 се остварени вкупно 1.339.563 денари .

Од наплатената премија за каско осигурување на возилата се остварени приходи во износ од 651.040 денари, додека од надоместокот за концесии за експлоатација на минерални суровини се остварени средства во износ од 61.984.128 денари.

Од трансфери и донации (месечна дотација на општината од ДДВ и тековни транасфери од други нивои на власт) , во основниот буџет на општина Радовиш во текот на 2019 година се остварени вкупно 41.573.142 денари.

2.2 РАСХОДИ на општината

Остварените приходи во текот на 2019година се трошеа наменски односно за покривање на тековно -оперативните расходи настанати при вршењето на програмските активности содржани во дваесет и четирите потпрограми кои се составен дел на Буџетот за 2019 година.

Во билансот на расходите може да се види за кои намени се потрошени вкупно 418.257.839 денари во текот на цела 2019 година.

За плати наемнини и надоместоци се потрошени вкупно 213.160.947 денари односно 50,96% од вкупно извршените расходи во текот на 2019 година. Со овие средства се измирени: надоместоците према советниците на општината за извршување на нивните активности согласно Законот за локална самоуправа Сл.Весник на РМ бр.5/2002 година ,Статутот на општината и друга регулатива; платата и надоместоците на градоначалникот на општината и на општинската администрација и противпожарна единица за извршувањето на обврските кои се во нејзина надлежност ,заклучно со месец Ноември 2019 година. Исто така во 2019 година преку општинската сметка за наменски-блок дотации се вршени исплати на средства, наменети за плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации преку општинскиот буџет.

За стоки и услуги се извршени вкупно 86.452.958 денари или 20.66% од вкупно извршените расходи во текот на 2019 година. Со овој износ се покриени расходите за тековно оперативни потреби на советот на општината, градоначалникот, општинската администрација, јавните установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита (детските градинки ) .Инаку во оваа категорија на расходи се содржани расходите за патни и дневни трошоци, за комунални услуги,за матерјали и ситен инвентар за тековно работење,за поправка и тековно одржување на деловни згради ,возила опрема и друго; за договорни услуги (банкарски,осигурителни здравствени ,договори на дело и за други тековни расходи во кои спаѓа членарината ,репрезентацијата и другите оперативни трошоци.

За субвенции и трансфери се потрошени вкупно 32.000.309 денари од кои дел 16.856.300 денари за трансфери до невладини организации (здруженија на граѓани,спортски клубови (преку потпрограми Г1,К4 и Л0) како и 14.824.009 денари за разни трансфери(плаќање по судски решенија трансфери при пензионирање, обезбедување на објектите на локалните установи, трансфери до средно општинско училиште, основни општински училишта, градинка и други локални установи, цркви-манастири;физички и правни лица; награди и друго согласно донесени Одлуки од Совет на општината), како и 320.000 денари одобрени како субвенции до јавни претпријатија(спортско рекреативен центар „ 25 Мај„ .

За социјални помошти во текот на 2019 година се потрошени вкупно 558.000 денари.

За капитални расходи во 2019 година се извршени вкупно 82.062.677 денари или 19.62% од вкупните расходи и тоа за следните капитални потреби:

- за купување на опрема машини и мебел 3.481.049 денари за потребите на општинската администрација и набавки извршени од средства добиени од блок дотации и донации за локалните јавни установи
- за други градежни објекти 72.918.713 денари(извршени од основниот Буџет, согласно програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на локални патишта во општина Радовиш),Буџет на донации,Буџет на кредити помал дел и од самофинансирачки и Буџет на дотации и тоа: за подготовка на проекти ,за изградба на улици-патишта,за изградба на мултифункционални игралишта во повеќе основни

училишта во нааселените места и во градот, за изградба на други објекти,за изградба на пречистителни станици и колектори ,за вложувања и нефинансиски средства (надомест за одземен имот ), купување на возило-1.298.999 денари.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Годишен извештај
на општина Радовиш за 2019 год.

Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на општина Радовиш за 2019 год., бр. 08-397/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-397/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 36 ст.1 т.2 и чл.50 ст.1 од Законот за локална самоуправа, чл. 21 ст. 1 т. 31 и чл. 27 од Законот за сметководсво за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 61/2002; 98/2002 и 81/2005), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 год., донесе

О Д Л У К А
За усвојување на Годишен извештај
на општина Радовиш за 2019 год.

Член 1
Се усвојува Годишниот извештај на општина Радовиш за 2019 година, број 12-411/2 од 26.02.2019 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-397/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
НА ОПШТИНА РАДОВИШ
ЗА 2019 ГОДИНА

ВОВЕД

1.1. Основни податоци за општината

Општина Радовиш е сместена во југоисточниот дел од РепубликаМакедонија,во подножјето на планината Плачковица.

ДЕМОГРАФИЈА
Вкупно население во општина Радовиш: 28 244
Површина на општината 608 км$^2$
Податоците се земени од последниот попис на населението во Република Македонија извршен во 2002година.

ЕКОНОМИЈА
Поважните економски сектори во општина Радовиш:
☒ Градежништво
☒ Индустрија за градежни материјали
☒ Дрвна индустрија
☒ Метална и машинска индустрија
☒ Неметална индустрија
☒ Црна и обоена металургија
☒ Рударство
☒ Козметичко-фармацевтска индустрија
☒ Земјоделство
☒ Лов и риболов
☒ Туризам
☒ Текстилна индустрија
☒ Прехрамбена индустрија

☒ Трговија
☒ Транспорт
☒ Банкарство
☒ Јавен сервис и услуги

ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ
Банки и други финансиски институции
Стопанска Банка- филијала Радовиш
Тутунска Банка- филијала Радовиш
Уни Банка-филијала Радовиш
Тетека Банка-филијала Радовиш
Комерцијална банка-филијала Радовиш
Управа за јавни приходи-одделение Радовиш

ЗДРАВСТВО
Ј.З.У „Здравен Дом„-Радовиш,
7-амбуланти во населените места под управа на Ј.З.У „Здравен Дом„-Радовиш.
Во градот работат 15 Приватни здравствени организации од примарната медицинска и стоматолошка заштита.
Една специјалистичка здравствена ординација од областа на ортопедијата.
Истотака работат и седум приватни аптеки.

Социјална заштита
Постојат околу 451 приматели на социјална помош или околу 1,4% од вкупниот број на населението од Радовиш и Конче.

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Организациона структура

Јавни претпријатија во општината
Ј.П. „Плаваја„
ЈПССО „25 ти Мај„
Ј.П. „Македонски Шуми„
подружница „Плачковица„-Радовиш
Р.О. „Мантово„-Радовиш

ЈАВЕН СЕКТОР
Во Јавниот сектор постојат: ЕЛС- општините, подрачни единици на сите министерства, Основен суд, Катастар, ОВР, Управа за јавни приходи, ЈЗУ„ Здравен дом. ПИОМ, Здравство, МЦСР.
Општина Радовиш е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.
Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во орга-ните на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на на-чин и постапка утврдени со закон.
Општината е правно лице со седиште во Општина Радовиш
Надлежност:
Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина над-лежност или не се во надлежност на органите на државната власт.
Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:
- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште; Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за за-штита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одр-жување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални пати-шата и друг вид комунални дејности;
Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

Организација и сметки:
Органи на општината се:
- Советот и
- Градоначалникот

Совет:
Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.
Советот на Општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните из-брани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.
Мандатот на членовите на Советот трае четири години.
Советот ги врши следните работи:
- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува височината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.
Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месечно, на барање на градоначалникот или на барање на членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинс-тво од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.
Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.
Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој до-бил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.
Градоначалник:
Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.
Градоначалникот ги врши следните работи:
- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

Администрацијата на општината е надлежна за извршување на работите во рамките на општината, распределена во сектори и одделенија. Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државни службеници. За нивното вработување, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

Администрацијата е организирана во сектори и одделенија и тоа:

- Сектор за нормативно-правни работи,јавни дејности и општи работи
  - o Одделение за за нормативно - правни работи;
  - o Одделение за јавни дејности и општи работи;
- Сектор за финансии и буџет
  - o Оделение за сметководство и плаќање;
  - o Одделение за даноци, такси и надоместоци;
  - o Оделение за буџетска координација;
  - o Одделение за буџетска контрола.
- Сектор за урбанизам комунални работи,заштита на работна средина и Локален Економски Развој ( ЛЕР )
  - o Одделение за урбанизам и заштита на животна средина
  - o Одделение за комунални работи
  - o Одделение за Локален Економски Развој
- Сектор за инспекциски надзор - инспекторат
  - o Одделение за градежно-урбанистичка,комунална и инспекција за сообраќај и патишта;
  - o Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината;
- Одделение за
- Териоријална противпожарна единица;
- Одделение за внатрешна ревизија.
- Одделение за управување со човечки расурси;

Во рамките на општината се формирани:

- Комисија за мандатни прашања,избори и именувања;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за култура, образование и спорт;
- Комисија за здравство и социјална заштита;
- Комисија за јавна безбедност,безбедност во сообракајот и противпожарна заштита;
- Комисија за награди и признанија;
- Комисја за месна самоуправа и граѓанска иницијатива;
- Комисија за земјоделие;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за заштита на правата на децата во Општина Радовиш;
- Одбор за јавно осветлување;
- Комисија за јавна набавка;

Совет за заштита на потрошувачи кој ги разгледува прашањата и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината;

Финансиското работење на сметката на Општина Радовиш се извршува преку:

- Сметка 758014072063018 која се води во Трезорот,
- додека преку сметката 758014072063713 се извршуваат расходите од буџетот на Општина.

Овластено лице за располагање со паричните средства на сметката на Оп-
штина Радовиш во текот на 2019 година е:
Градоначалникот.

1.2.Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на општината

ОПШТИНА РАДОВИШ
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ - СОСТАВЕН ДЕЛ
НА ГОДИШНАТА/ЗАВРШНАТА СМЕТКА
БУЏЕТ НА ОПШТИНА Радовиш
( 2019 год. )

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Во рамките на Билансот на приходи и расходи, приходите се систематизирани како:

- ➢ Даночни приходи;
- ➢ Неданочни приходи;
- ➢ Капитални приходи;
- ➢ Трансфери и донации;
- ➢ Домашно задолжување;
- ➢ Задолжување во странство;
- ➢ Продажба на хартии од вредност;
- ➢ Приходи од отплата на заеми;

Расходите се систематизирани како:

- ➢ Тековни расходи,
- ➢ Капитални расходи,
- ➢ Отплата на главнина.

Даночни приходи

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните ос-
нови:

- Данок на имот,
- Данок на наследство и подарок,
- Данок на промет на недвижности,
- Комунални даноци

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| Данок од доход,од добивка и од | | | |

Капитални добивки . 3.100.000 3.205.095 3.028.107
Даноци на имот.... 24.550.000 13.992.069 21.335.113
Даноци на специфични услуги 32.640.00025.202.693 27.540.087
Такси за користење или дозволи
За вршење на дејност .. 190.000 6.420 2.153

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси,) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и камата за ненавремено плаќање данок на имот;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунал-ни такси и надоместоци;

Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:
- Претприемачки приход и други приходи од имот;
- Други владини услуги, и
- Други неданочни приходи

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| - Предприемачки приходи и други приходи од имот...................... | 0 | 0 | 0 |
| -Глоби судски и административни такси.. | 1.120.000 | 686.429 | 837.178 |
| -Такси и надоместоци................................ | 300.000 | 86.645 | 265.085 |
| -Други владини услуги........................ | 0 | 55.000 | 0 |
| - Други неданочни приходи.................. | 2.420.737 | 1.990.603 | 1.774.225 |

Општината остварува неданочни приходи по основ на:
- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
- Административни такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти и закупнина на опрема;
- Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови, приходи од издавање на тендерска документација за учество на јавна набавка и
- Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги и останати неданочни приходи.

Капитални приходи

Капиталните приходи се остварени по основ на приходи од продажба на : земјиште и приход од концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 66.805.988 денари (2018год. – 75.281.538 денари).

Трансфери и донации

Трансферите и донациите се остварени по основ на трансфери од други нивоа на власт во износ од 162.353.991 денари (2018 год. – 98.526.968 денари).

Тековни расходи

Плати, наемнини и надоместоци

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Радовиш , согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во Р.М., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:
- Основни плати;
- Надоместок за годишен одмор;
- Придонеси од плати и персонален данок

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| - Основни плати ............................... | 26.853.777 | 23.181.494 | 21.589.798 |
| - Придонеси од плати ...................... | 11.407.802 | 9.584.537 | 8.737.945 |
| - Персонален данок ........................ | 3.137.052 | 2.478.431 | 2.259.860 |
| - Надоместоци ................................ | 5.959.000 | 5.036.702 | 4.402.476 |

Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се остварени/извршени во Буџетот на општина Радовиш , согласно одредбите од Законот за буџетите/Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на Тековни резерви. За оваа намена во 2019 година извршени се 22.100 денари (2018 година –140.000 денари/претходна година).

Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Радовиш , и тоа по следните основи:
- патни и дневни трошоци, кои опфаќаат: патни трошоци, сместување и споредните трошоци за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- трошоци за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;

- трошоци за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: трошоци за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и си-тен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: трошоци за сервисирање на леки коли и други возила, трошоци за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите ви-дови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат трошок за инвестиционо одрижување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: трошоци за адвокатски и други правни ус-луги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на мо-торни возила, и други договорни услу-ги;
- други оперативни трошоци, кои опфаќаат: репрезентација, трошоци за од-ликувања, членарини во домашни организации ,трошоци за меѓународни спортски натпревари и други оператив-ни расходи.

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци.................... | 1.495.000 | 843.310 | 551.238 |
| Комунални услуги , трошоци за затоплување, комуникација и транспорт................. | 13.740.000 | 11.103.829 | 10.868.886 |
| Материјали.......................................... | 5.990.000 | 4.409.936 | 2.859.491 |
| Тековно одржување............................ | 21.837.816 | 8.780.626 | 8.123.133 |
| Договорни услуги................................ | 19.828.453 | 6.647.584 | 4.574.839 |
| Други тековни расходи................. | 6.720.713 | 4.069.917 | 3.025.951 |
| Привремени вработувања .................... | 4.560.000 | 3.650.012 | 4.252.781 |

Каматни плаќања

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој -Светска банка од кои произлегува полугодишно плаќање на каматата

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| -Каматни плаќања кон домашни кредитори............................................... | 808.000 | 69.738 | 53.389 |

Субвенции и трансфери

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во Буџетот на Општина Радовиш , по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат трансферите до невлади-ните организации како што се: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови и до други непрофитни организации;

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| Субвенции за јавни претпријатија..... | 320.000 | 320.000 | 320.000 |
| Трансфери до невладини организации..................... | 18.158.780 | 16.756.300 | 18.323.400 |
| Разни трансфери .................. | 23.480.987 | 14.278.401 | 12.280.391 |

Капитални расходи

Купување на капитални средства Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се остварени/извршени средства од Буџетот на општина Радовиш , и тоа по следните основи:
- мебел и канцелариска опрема што опфаќа средства за: купување на канцеларискиот мебел и информатичка опрема;
- купување на моторни возила што опфаќа средства за купување на патничко возило;
- припрема на проекти што опфаќа средства за: финансирање на трошоците за изработка на студии и елаборати, мапи, техничка документација и дизај-нирање договарања, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања;

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|
| Купување на опрема. и купување на машини................................ | 6.519.130 | 1.620.951 | 2.012.874 |
| Други градежни објекти............................ | 167.180.130 | 60.898.065 | 14.776.416 |
| Купување на мебел.................................... | 700.000 | 31.152 | 0 |
| Вложување и нефинансиски средства... | 5.423.500 | 1.177.962 | 3.191.724 |
| Купување на возила............................. | 2.731.701 | 1.298.999 | 5.800.000 |

Отплата на главнина

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој -Светска банка од кој произлегува полугодишна обврска за отплата на главнина

Во денари

| Опис | Буџет 2019 | Извршено 2019 | Извршено 2018 |
|---|---|---|---|

-Отплата на главнина до други нивоа на власт.............................
3.980.000 3.970.262 1.985.131

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

Парични средства

Паричните средства се проценети според номинален износ и ги опфаќаат паричните средства што се на Сметката со состојба на 31.12.2019 година и изнесуваат 93.596.625 денари (2018год 97.870.731 денари/претходна година).

| Во денари Опис | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Сметка.......................... | 93.596.625 | 97.870.731 |
| Благајна............................ | / | / |
| Девизна сметка............... | / | / |

Краткорочни финансиски побарувања

Краткорочните финансиски побарувања произлегуваат од ненаплатените побарувања од данок на имот и комунална такса за фирмарини и побарувања од министерствата за потрошена електрич.енергија , вода и дрва , побарувањата со 31.12. 2019 год .се во вкупен износ од 78.411.108 денари, (2018 год. 82.463.893 денари/претходна година).

Пасивни временски разграничувања

Пасивните временски разграничувања се состојат од:

| Во денари Опис | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| Дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година........................................... | 93.596.625 | 97.870.731 |
| Други пасивни временски разграничувања........................ | 78.411.108 | 82.463.893 |

3. Извештај за средства,побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност.

Општина Радовиш во својот Биланс на состојба го има искажано целокупното богатство на Општината и побарувањата и обврските кои ги има спрема добавувачите.

Материјалните средства во кој влегуваат Инвестициите на градежните објекти се во вкупен износ од 343.537.406,00 ден. Станови и деловни објекти 137.204.007,00 во кој изност оваа година влегува и вредноста на Спортската сала и Управната зграда на пожарната, и за Опрема 8.832.106,00 ден.

Материјалните средства во подготовка-односно Инвестициите во тек се во износ од 250.728.911,00. ден.

Тековните обврски што ги има Општината спрема добавувачите по разни основи изнесуваат 5.345.279,00 ден.

Краткорочните обврски кои се прикажани во Билансот на состојбата се обврските за неисплатена плата за 12 м.2019 год. во бруто износ од 2.841.910,00 ден.

Во вонбилансната пасива е прикажан имотот кој го има Општината како Градежни објекти односно управни згради и тоа: Зграда во која е сместена Локалната самоуправа дел од зграда на поранешен Фонд за комуналии, Управна зграда на поранешна Општина Подареш , во износ од 14.447.639,00 денери,но овој имот сеуште не е евидентиран како сопственост бидејки за него Општината не поседува Имотен лист.

Споредбено земено од претходната година што се однесува во делот на Инвестициите и Опремата има драстични промени ,бидејки дел од инвестициите кои се водеа во тек преминаа во употреба со доставување на техничка документација за прием на објектите ,но и преминувањето на објектот Спортска сала во сопственост на Општината ја зголеми вредноста на материјалните средства, па така сега вкупната вредност на материјалните средства изнесува 489.573.519,00 денари .

4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности.

Во 2019 год.од планираните и предложени активности на Програмата за инвестиции, се објектите кои беа започнати ,а сеуште се водат како незавршени односно како инвестиции во тек и тоа : Фекални канализации на одредени улици во градот и селата, водоводни линии ,асфалтирање на улици во градот и селата , поплочување на тротоари во селата и градот,крпење на ударни дупќи, повеќенаменски игралишта, детски игралишта, пробивање на локални патишта и други активности во вкупен износ од 250.728.911,00 денари.

Што се однесува пак до наменските блок дотациите тие како што се добиваат од соодветните министерства така и се трошеа според плановите кои ги доставуваат до Трезорот.

5. Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви.

Од средствата планирани како тековни резерви во 2019 год. се потрошени само 22.100,00 ден. и тоа 15.000,00 ден.за смртен случај и 7.100,00 ден.за штета на едно физичко лице.

ЕЛС ОПШТИНА РАДОВИШ

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување

на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот за општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12/2019 година

Ја прогласувам Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот за општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12/2019 година, бр. 08-398/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 27.02.2020 год.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-398/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11 ,192/15 , 209/18 и Службен весник на РСМ 244/19), член 31 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15,167/16),член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Репулика Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 , 4/19 и 276/19) и член 43 од Статутот на Општина Радовиш (“Службен гласник на Општина Радовиш број 5/2002), Советот на Општина Радовиш на 39-та седница одржана на 27.02.2020 год., донесе

## О Д Л У К А
за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12.2019 година

Член 1

Измената на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12.2019 година се однесува во делот на преамбулата во која се повикува на Законот за финансирање на локалната самоуправа каде во заградата се дополнува и Сл.Весник на РСМ број 244/19.

Член 2

Членот 9 се менува и гласи

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи,односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица - бруто платата Ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон,применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година/односно по коефициент во износ од 26.755 денари.

- вредноста на бодот на административните службеници изнесува 81.60 денари, истата се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на општината.

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Законот за работните односи ќе им се исплаЌа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во опШтинската администрација во опШтина РадовиШ и измените од истиот.

Вредност на бодот за утврдување на бруто плата за вработените без статус на давни службеници изнесува 121.94 денари,а за пожарникарите 177.82 денари со примена од 01.01 do 31.12.2020 година.

Член 3

Членот 13 се менува и гласи

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на службено патување врз основа на уредни и веродостојни документи.

Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнување на работникот на службено патување до часот на враќање со превозното средство.

Висината на дневниоцата за службено патување во Републиката се исплатува во висина од 700,00 денари и тоа за: секои поминати од 8-12 часа половина дневница, односно 350,00 денари, а цела дневница од 700,00 денари ако службеното патување траело повеЃе од 12 часа.

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Радовиш", а ќе се применува: членот 9 со исплата на платата за Јануари 2020 година, додека членот 13 од 25.02.2020 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Радовиш, а ќе се применува од 01 Јануари 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-398/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 08-399/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 30.01.2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-399/2 | Градоначалник на |
| 02 Март 2020 г. | Општина Радовиш |
| Радовиш | Герасим Конзулов с.р. |

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 27.02.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 27.02.2020 година и тоа:

-Комисија за здравство и социјална заштита, 19-та седница одржана на 13.02.2020 година;

-Комисија за култура, образование и спорт, 29-та седница одржана на 17.02.2020 година;

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој 24-та седница одржана на ден 18.02.2020 год. и 25-та седница одржана на ден 27.02.2020 год. ;

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-399/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |


| | |
|---|---|
| Бр. 08-399/1 | Совет на општина Радовиш |
| 27 Февруари 2020 г. | Претседател |
| Радовиш | Коле Чаракчиев с.р. |

Врз основа на член 78 став 1од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр.40/06; 136/08; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/11; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016, 142/2016, 67/2016, 125/2017,35/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018 и 27/2019), а согласно чл.43 од Статутот на општината,

Градоначалникот на општина Радовиш на ден 27.02.2020 година донесе

О Д Л У К А
за утврдување места за истакнување
плакати без надоместок

чл. 1

Се утврдуваат места за истакнување изборни плакати без надоместок за секој организатор на изборна кампања кој ќе учествува на предвремените Парламентарни избори 2020 година.

Локалната самоуправа Радовиш ги утврдува следните местата за истакнување на плакати без надоместок за организаторите на изборните кампањи, а тоа се:

-ѕид на ул. „Ана Поцкова„;
-ѕид на ул. „Михајло Апостолски„;
-ѕид на ул.„Плачковица„ и „Шаип Маале„;
-ѕид на градски пазар во Радовиш на раскрсница на ул.„Коста Сусинов„ и ул.„Плоштад Слобода„;
-ѕид на ул.„Коца Баир„;

чл. 2

Обележувањето ќе се изврши согласно редоследот на жрепката извршен од страна на Државната изборна комисија.

чл. 3

За сите организатори на изборна кампања обезбедена е рамноправна и под еднакви услови застапеност во истакнување на изборен материјал.

чл. 4

Истакнување на изборни плакати по приватни објекти се врши со претходна согласност од сопственикот на објектот.

чл. 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Подготви: Оливера Димитрова

број 09-401/1
дата 27.02.2020 год.
Р а д о в и ш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Герасим Конзулов

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување на Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година ----------------------------------------- 1
ОДЛУКА За донесување на Идеен проект „За изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Радовиш со максимум 7000 метри должни„ по Договор број 03-54/7 од 17.01.2019 година ---------------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈП „ Плаваја„ Радовиш за 2019 година ------------ 1
ОДЛУКА За усвојување на годишна сметка на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година ------------ 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 год. ------------ 2
ОДЛУКА За усвојување на Финансовиот годишен извештај за работата на ЈП „Плаваја„ Радовиш за 2019 година -------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш ------- 2
ОДЛУКА За давање Согласност на Статутот на ООУ „Коста Рацин„ с.Подареш Радовиш бр. 02-417/3 од 13.12.2019 година ----------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш -------- 2
ОДЛУКА За давање Согласност на Статутот на на ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш ---- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Никола Карев„ Радовиш -------------------- 3
ОДЛУКА За давање Согласност на Статутот на ООУ „Никола Карев„ Радовиш -------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш - 3
ОДЛУКА За давање Согласност на Статутот на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Дамјан општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 25,74ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2061/18 од декември 2019 година ----------------------------------------------------- 4
ОДЛУКА за донесување Урбанистички план на с.Дамјан општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 25,74ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2061/18 од декември 2019 година ----------------------------------------------------- 4

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за донесување Урбанистички план на с.Ињево општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 99,016ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2070/18 од јануари 2020 год.-- 4
ОДЛУКА за донесување Урбанистички план на с.Ињево општина Радовиш со плански период 2018-2028, со поршина на плански опфат од 99,016ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2070/18 од јануари 2020 год.-- 5
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување Урбанистички план на с.Подареш општина Радовиш со плански период 2018-2028, со површина на плански опфат од 104,24ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2071/18 од јануари 2020 год.-- 5
ОДЛУКА за донесување Урбанистички план на с.Подареш општина Радовиш со плански период 2018-2028, со површина на плански опфат од 104,24ха, изработен од ДП „Визура„ ДООЕЛ Струмица, со тех.бр. 2071/18 од јануари 2020 год. 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за донесување на измена и допуна на ДУП УБ-3 дел намена индустрија во Радовиш со плански период 2016-2026, со тех.бр. 014-2602/2015 од јануари 2020 година ------------------------------------ 6
ОДЛУКА за донесување на измена и допуна на ДУП УБ-3 дел намена индустрија во Радовиш со плански период 2016-2026, со тех.бр. 014-2602/2015 од јануари 2020 година ------------------------------------ 6
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за 2020 година во општина Радовиш бр. 08-1922/2 од 30.12.2019 година ------------------------------- 7
ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програматаза уредување на градежно земјиште, одржување на комунални објекти и локални патишта за 2020 година во општина Радовиш бр. 08-1922/2 од 30.12.2019 година ----------------------- 7
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година -------------- 8
ОДЛУКА За прифаќање на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2020/2021 година --------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш во учебната 2019/2020 година ---------------------------- 8
ОДЛУКА За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Орце Николов„ с.Ињево Радовиш во учебната 2019/2020 година ---------------------------- 8
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш во учебната 2019/2020 година ------------ 9
ОДЛУКА За давање позитивно мислење на Програмата за изведување ученички екскурзии за учениците од трето, шесто и девето одделение при ООУ „Кирил и Методиј„ с.Ораовица Радовиш во учебната 2019/2020 година ------------------------------- 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за потрошена електрична енергија ------------------------------------ 9
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за електрична енергија ------------------------------------------------------ 9
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода -------------------------------------------------- 10
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства на ЈПССО „Радовиш-2014„ Радовиш за исплата на ф-ри за вода --------------------------------------------------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање на времено користење простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш ------------------- 10
ОДЛУКА За давање на времено користење две простории во Дом на култура во с. Ињево чиј сопственик е општина Радовиш ------------------- 10
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЕЛС Општина Радовиш за 2019 година и Годишната сметка за 2019 година ------------------ 11
ОДЛУКА За усвојување годишна сметка на ЕЛС општина Радовиш за 2019 година --------------------- 11
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен извештај на општина Радовиш за 2019 год. ------------------------- 15
ОДЛУКА За усвојување на Годишен извештај на општина Радовиш за 2019 год. ------------------------- 15
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот за општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12/2019 година ------------------------- 21
Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот за општина Радовиш за 2020 година број 08-1972/1 од 30.12/2019 година ------------------------- 21
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш-----------------------------------------------------22
ЗАКЛУЧОК За прифаќање на Извештаите на Работните тела на Советот на општина Радовиш 22

ДРУГИ АКТИ

ОДЛУКА за утврдување места за истакнување плакати без надоместок --------------------------------- 23